ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА
ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА
"СЈУ РАЈДЕР"
Бр. 04-1261/8
05.08.2025 год.
БИТОЛА

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), чл. 212 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19), член 17 од Статутот на ЈОУ Дом за стари лица „Сју Рајдер“ Битола бр.01-24/1 од 15.01.2024 година, а согласно Правилникот за систематизација на работните места бр. 01-42 од 19.02.2024 година и Предлог конечната ранг листа за вработување на кандидати доставена од Агенцијата за администрација бр. 10-927/12 од 30.07.2025 година, Директорот на Јавна општинска установа Дом за стари лица „Сју Рајдер“ Битола на 05.08.2025 година, ја донесе следната;

**ОДЛУКА**

**За избор на кандидати за вработување**

1. За работно место СОЗ0102В01001 Советник- Правник, Оддел за општи административни работи и управување со човечки ресурси, Служба за административни и помошно технички работи, 1 (еден) извршител се избира кандидатот Иво Делиќ со идентификациски код 2113D93.
2. За работно место СОЗ0102В01002 Советник - одговорен сметководител, Оддел за финансиски прашања, Служба за административни и помошно технички работи, 1 (еден) извршител се избира кандидатот Ѓорѓи Дичовски со идентификациски код 167А9А5.
3. Именованите ќе бидат вработени на неопределено работно време на работните места од претходните точки, по конечноста на оваа Одлука, по што ќе се донесат посебни решенија за вработување.
4. Одлуката за избор на кандидатот за вработување ќе се достави до избраните кандидати и ќе се објави на интернет страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација како и на интернет страницата и огласна табла на Установата.
5. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

На ден 11.06.2025 година во дневните весници „Нова Македонија“, „Вечер“, „Коха“ и интернет страницата на Агенцијата за администрација беше објавен Јавен оглас број 463/2025 за вработување на 2 (два) административни службеници во „ЈОУ Дом за стари лица Сју Рајдер Битола“.

Преку Агенцијата за администрација, формирана е Комисијата за административна селекција и интервју за вработување по Јавен оглас број 463/2025, во

функција за спроведување на постапката за селекција за вработување која се состоеше од административна селекција, испит за административени службеници, проверка на веродостојноста на докази и интервју.

Комисијата за административна селекција и интервју за вработување по Јавен оглас ги спроведе сите фази, согласно Закон по што подготви Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и во согласност со член 44 од Законот за административни службеници до ЈОУ Дом за стари лица Сју Рајдер Битола доставен е Предлог за вработување на кандидати по Јавен оглас 463/2025, број 10-927/12 од 30.07.2025 година.

Доставениот предлог за вработување на кандидати по Јавен оглас 463/2025, број 10-927/12 од 30.07.2025 година беше прифатен од страна на Директорот на Установата и врз основа на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на Одлуката на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

Доставено до:

- Кандидатите
- Агенцијата за администрација
- Архива

Директор

м-р Марина Крстиќ